АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

# ЗБОРНИК

(1967 — 1974)

КНИГА VI-VII

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР:

д-р БЛАГА АЛЕКСОВА (ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК), д-р КОСТА БАЛАБАНОВ, д-р ПЕТАР МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК, д-р КОНСТАНТИН ПЕТРОВ, БОРИС ПЕТКОВСКИ, ЗАГОРКА РАСОЛКОСКА-НИКОЛОВСКА (СЕКРЕТАР), ВИКТОРИЈА СОКОЛОВСКА И НИКО ТОЗИ

СКОПЈЕ 1975

SCHOOL OF CLASSICAL STUDIES

*Иван МИКУЛЧИЌ*

# ДВА БЕЗИМЕНИ ДОЦНОАНТИЧКИ ГРАДА ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

Античките пишани извори зачувале спомен за дваесетина градови што егзистирале на територијата на денешна СР Македонија. Меѓутоа, сите овие градови сè уште не се убицирани — потврдени и со соодветни археолошки наоди на теренот. Од друга страна, неколку локалитети со своите остатоци укажуваат дека на нивното место некогаш имало градови, за кои спомнатите извори молчат. Всушност, во оваа фаза од истраженоста тие се за нас безимени. И копачот на археолозите уште не ги начнал. Меѓутоа, урнатините на нивната површина, опфатени со јасна рамка од одбранбени ѕидишта, овозможуваат и без скапи и долгогодишни ископувања, основите на градовите топографски да се снимаат и веќе денес да имаме една општа претстава за големината, карактерот и значењето на овие градови.

На ова место ќе бидат прикажани две градски населби, снимени со овој метод. Двата града лежат во источниот дел од нашата Република, на територијата која и пишаните извори и археолошките ископувања најмалку ја осветлиле.

## 1. *Големо Градиште, село Коњух, Кратово*

Локалитетот лежи на 21 км источно од Куманово (воздушна линија) и 18 км западно од Кратово, во тесната и слабо проодна долинка на Крива Река. Некогаш тука поминувал еден спореден пат од Скупи кон Пауталија (траса: Пчиња-Орашец-Клечевце-Коњух и, низ Ќетеновската Клисура, кон питомото Славиште). Ова наоѓалиште ѝ го претстави на научната јавност Св. Радојчиќ, преку големата ротонда од VI в.[1] Сепак, основните

[1] Св. Радојчић, Црква у Коњуху, Зборник радова Византолошког института САН, књ. XXI,(I), Београд 1952, 148-166. Последен за оваа црква пишуваше К. Петров, Реконструкција на амвонот од ротондата во Коњух, Год. зборник на Филоз. факултет, кн. 22, Скопје 1970, 271-306.




1. Карта на с/и дел од СР Македонија во доцноантичко време

податоци за обемот и карактерот на градот останале непознати. Од времето кога Радојчиќ ги посетил урнатините до денес изминаа повеќе од триипол децении, без некој да продолжи со истражувањата на теренот[2].

Во средишниот дел од градот стои висок карпест рид, со право и многу стрмно северно чело; се издига за 90 м над ни-

[2] Последните години теренот го посетиле Б. Јосифовска (сп. го приказот на истата: Један нови војнички натпис из Коњуха, Жива Антика XIII-XIV, Скопје 1964, 166-170) и во повеќе наврати Т. Томоски; последен пат во 1973 г., кога ми укажа на повеќе свои опсервации на теренот, за што и на ова место му изразувам благодарност.

вото на Крива Река, во подножјето. На врвот од ридот се протега сосем рамно плато, во правец З-И. Големо е околу 400 x 65 (40) м и на двата краја завршува во скалести карпести падини. Од јужната страна платото е орабено со вертикален карпест ѕид (отсек) и со мала преседлина пред овој. Пред седлото се протега низок, сосема тесен гребен, паралелен со ридот; тој послужил како идеална основа, на него да се изгради јужниот градски ѕид (бр. 3 на скицата — сл. 2).




2. Големо Градиште, Коњух — основа на безимениот град

Трасата на јужниот бедем може да се следи во должина од околу 550 м. Нејасен останува западниот крај, во должина од некои 350 м, за кој би требало подетално испитување на теренот. Всушност, југозападниот агол на градот е најслабо зачуван на површината и овој дел го оставив засега неснимен.

На ридското плато секако стоела градската акропола, а во преседлината јужно од него, јужниот дел од градот. Овој можел да комуницира со централната градска зона (северно од ридот), главно преку источната стрмна падина, каде што и сега се гледаат повеќе тесни тераси.

Источниот градски ѕид има во најголем дел јасна траса и се движи преку источната падина под ридот. Во најголем дел од неговата должина, тој е заштитен со длабока карпеста бразда на еден пороен поток, всечен длабоко под него и паралелен со него. Северниот дел од овој ѕид е фланкиран со меандар на Крива Река, кој тука плави широка зона. Вкупната должина на источниот ѕид изнесува нешто над 550 м.

Во северното подножје на ридот лежи голема тераса, зарамнета и благо наклонета кон север. На неа лежи главниот дел од градот. Опфатена е од три страни со Крива Река, која врти околу неа всечена во тесно камено корито. Терасата е, всушност, голема камена плоча, чиишто најниски делови лежат на околу 3 м над речното ниво. Реката не може да ја плави ниту поткопува.

Северното чело е сосечено вештачки во долга права линија и со вертикален брег. На 1,5 — 2 м од овој камен брег, паралелно со него, подигнат е северниот градски ѕид (бр. 1 на планот). Овој лежи директно на карпата, која на места се издига повисоко; тука карпата е исечена, со вертикално чело, и послужила како висок камен темел за ѕидот на неа. Наместа ѕидот е зачуван во висина и до 2,5 — 3 м, а дебел е 2,60 — 2,80 м. Ѕидан е од кршен камен со малтер, во типичен доцноримски опус (крупен инцертум). Од внатрешната страна, на него се облегаат културните слоеви на градот, дебели во таа зона околу 2 — 2,5 м.

На источниот крај од оваа тераса, во источниот бедем, селаните раскопале делови од триаголна кула и веројатно една градска порта (бр. 2 на скицата). Една друга порта, можеби главната, се назира на западниот крај на северниот градски ѕид, а пред неа, преку Крива Река, водел мост. Една порта се назира и на југозападниот крај на градот.

Западниот градски ѕид постепено го напушта речниот брег и косо се качува нагоре, кон карпите на западниот крај од акрополата. Западно од овој ѕид, надвор од градот а на високиот карпест брег, стои челото на античкиот мост (бр. 7 на планот). Според опусот на ѕидањето, мостот е веројатно истовремен со одбранбените ѕидишта околу градот. Радојчиќ, кој прв го евидентирал овој мост, наведува и остатоци од столбови во коритото на реката, кои тогаш биле уште евидентни.

Во средишниот дел од големата северна тераса се гледат раскопани остатоци од една поголема базилика (бр. 8 на планот). Во времето кога Радојчиќ го посетил Коњух (1938 г.), од базиликава имало повеќе остатоци. Во меѓувреме, селаните ископале и однесле повеќе делови од големи и мали столбови, каменорез-

би, повеќе олтарски парапетни плочи од мермер; според сеќавањето на очевидци, тие биле украсени главно со ставродекорација.

Според конфигурацијата на теренот, на потегот околу базиликата лежат темели на повеќе други големи градби. Тука се простирал несомнено центарот на градот. Доцноримскиот град, опфатен со одбранбени ѕидишта, покрива површина од близу 17 ха (според Радојчиќ — 3-4 км², што би било 20-ина пати повеќе од вистинската големина!). Да се потсетиме: најголемите градови на југ од Г. Мезија имаат : 25 ха Улпиана и 41-43 ха Скупи. Најголемиот град во северните делови на провинцијата Македонија, Стоби, има само 14 ха опфатени од градски ѕидишта (од IV век натаму).

На десниот брег од Крива Река, на ритчето К'шла спроти античкиот мост, лежи градска некропола (бр. 10 на планот). Оттука потекнуваат и надгробните стели, сите со латински епитаф (II-III в.)[3]. Од раноримско време потекнува и дел од мермерна култна статуа на Артемида, ископана на Градиштето (сега поставена во урнатините на ротондата). Повеќето римски монети од I-III в., ископани во градот, а што ги евидентиравме кај мештаните, зборуваат за развиен стопански живот на коњушкиот град уште во раноримско време.

Инаку, одбранбените ѕидови околу градот, другите архитектонски остатоци и честата грнчарија што се среќаваат на површината, упатуваат на доцноримско време. Последен сигурно датиран објект е спомнатата ротонда од VI в. Иако лежи надвор од градот (200 м јужно од јужниот градскиот ѕид), оваа црква сведочи за неговото постоење и несомнено значење и во тоа време. Уште Радојчиќ изнесува мислење дека безимениот град кај Коњух бил седиште на епископ или макар суфраган[4]. А постојните елементи тоа го потврдуваат.

Животот на ова место, во неколку црти, би можеле да го скицираме со следниве потези: во железно време (предримската епоха) било запоседнато високото плато на ридот; за ова зборуваат многубројните керамички фрагменти на северната падина. Во раноримско време, на ова плато стоела со многу веројатности мала војничка постојка; според епитафот на активниот

[3] Во дворот на новото домаќинство на врвот на К'шла стои зачувана стелата на Р. Амфор, изделкана грубо од туф, со натпис во 9 реда; потекнува од еден доцноримски гроб, вградена како странична плоча (во обработка е на Б. Јосифовска). Другата стела сопственикот ја искршил и вградил во скалата од куќата, кадешто се гледа уште дел од натписот. Дел од третата, (тип на големи скупски стели), од ист туф, ѕѕидана е во пом. зграда во домаќинството до источната периферија на градот, на левиот брег од Крива. Поранешни наоди: Вулић, Споменик САН 98, 1941-48, бр. 212 и 213 (и стелата, спомната во нап. 2).

[4] Св. Радојчић, op. cit., 150.

војник Сабин Антие кој тука умрел, тоа би можело да биде еден истурен дел од кохортата II Лукенска[5]. Под заштитата на оваа, се ширело големо подградие, секако до оној обем што е потоа опфатен со одбранбените ѕидишта.

Речиси кај сите наши антички градови што не прекинале живот порано, градежните зафати од IV в. се најсолидни и до денес најдобро зачувани на теренот; тие ја потполниле и заокружиле физиономијата на овие градови. Градот во IV в. претставува и во балканските провинции продолжение на раноримските градски традиции. Дури во одминатиот и доцен IV в. ќе дојде до значајни измени во нивните коцепции[6]. Големите реформи под Диоклецијан и Константин имале за последица низа измени и во овие краишта: поранешното мезиско и соседно тракиско подрачје било изделено во нови провинции, а нови метрополи и регионални центри почнале да избиваат на површината. Изгледа дека и безимениот град кај Коњух тогаш го достигнал својот полн расцут.

Територијата на Коњух во раноримско време влегувала во рамките на Горна Мезија. Југоисточната граница на оваа провинција, која инаку минувала близу до Коњух, ја разгледував во еден неодамнешен труд[7]. Во доцноримско време, Коњух несомнено останал во новоформираната провинција Дарданија, додека од соседните западнотракиски области била создадена Средоземна Дакија (сп. сл. 1).

Економската почва, на која се развил градот кај Коњух, во изразито неплоден и слабо комуникативен крај, било секако рударството. Трагите од рударски зафати во доцната антика на просторот од целото Осогово толку се многубројни на теренот што за Коњух не треба посебно да се докажува. И пишаните потврди од доцниот IV в. недвосмислено укажуваат на оваа активност, која добива големо значење во регионалниот стопански живот, сè до самиот крај на антиката. Впрочем, овие краишта живеат и денес од рударство.

На оваа дејност упатуваат и работите во жива карпа на нашиот локалитет, и тоа во многу големи размери. Пред сè, тоа е веќе спомнатото рамно делано речно корито и вертикалниот брег вдолж северниот градски ѕид. Потоа, многубројни скалишта, усеци, тераси и простории на платото на акрополата и

[5] Б. Јосифовска, op. cit., 169.

[6] За овие карактеристични промени во доцната антика упатувам на капиталното дело на Г. Л. Курбатов, Основние проблеми внутренного развития византийского города в IV-VII в. в. (Конец античкого города в Византии), Ленинград 1971, 21 и н., особено 46-79.

[7] И. Микулчиќ, Територија Скупâ, Ж. А. XXI-2, Скопје 1971, 470, 471 и карта 1; за економскиот развиток на ова подрачје: истиот труд, стр. 471, 472.

нејзината источна и југозападна падина. Овие работи во карпа, ќе видиме подолу, ќе продолжат и подоцна.

Според она што може да се заклучи на теренот, градот доживувал назадување во последната етапа на животот: на големата северна тераса, значи во централниот дел од градот, селаните наоѓаат многубројни доцноантички питоси, кои укажуваат на изменетата физиономија на градот; а животот во текот на VI в. најверојатно е редуциран само на тешко освојливата акропола.

Да се вратиме уште еднаш на спомнатите каменоделски работи. За просториите, всечени на акрополата, Радојчиќ изнесе мислење дека се тоа испоснички ќелии, издлабени во времето кога во овие краишта цутел монашки живот (XI в.)[8]. Секако дека е прифатлива можноста дел од доцноантичките длабења во карпа да биле обновени и приспособени за нова функција. Меѓутоа, тука имаме несомнено една долга традиција, условена со самиот карактер на почвата (туф што лесно се сече) — слични чести длабења во стена се евидентирани и на соседните доцноантички утврдени градишта кај Канарево („Орљак") и Опила. И спомнатиот брег до северниот бедем на нашиот град сигурна е потврда за староста на овие каменоделски работи.

Меѓутоа, кога урнатините на коњушката акропола многу подоцна се повторно запоседнати, традициите на живеење меѓу карпи одново оживуваат; тука се евидентни и елементи на колиби вклопени меѓу карпите, идентични на раннословенските објекти на Маркови Кули во Варош-Прилеп[9].

Да напомнеме и дека во XIV в. егзистира „кастел Коњух", секако во врска со обновеното рударство во овие краишта под Немањиќите[10]. Можеби тогаш се повторно настанети некои од големите простории, сложени во 3 батерии среде акрополата, кои и денес импресионираат, онака дополу затрупани, со своите високи ѕидови, прозорци, врати, скали, и елементи од катни конструкции — сè исечено во жива карпа (бр. 7 и 8 на планот). Несомнено во тоа време постои и одбранбениот ѕид вдолж јужниот раб на акрополата, дебел 1,80 м; засега не е сигурно, колку се опира овој ѕид врз постарите (антички) остатоци. Во ова време била населена само тесната акропола (обратно шрафирана на планот). Јужно од ова, на соседниот потег Селиште (бр. 11 на планот), стои истовремената црква Св. Арангел, со гробот на дворјанинот Воихна (XIV в.), и отворена населба.

Засега немаме некој елемент преку кој би го идентификувале античкиот град кај Коњух.

---

[8] Св. Радојчић, op. cit., 148.

[9] Теренски опсервации на Б. Бабиќ, раководител на Центарот за истражувања на раннословенска мат. култура во Прилеп, кој во април 1973 г. го посетил локалитетот. Инаку, спомнатиот Центар ги разработува можностите за продолжување на теренското истражување на средновековните остатоци во Коњух.




2. Големо Градиште, Коњух — основа на безимениот град